Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 60-тата седница одржана на 28.01.2021 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Пријавата на /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1725/1 од 31.03.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата ценејќи ја содржината на погоре наведената пријава, констатира дека нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-1725 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1725/1 од 31.03.2020 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата подносителот изразува незадоволство од непризнавањето на право на паричен надоместок од страна на ///, заради помала плата во износ од /// (///) денари, по основ на користење на правото на распоредување на друго работно место, а којштo износ би се исплатувал како аконтација од /// година. Се наведува дека надлежните државни органи постојано одлучувале во корист на погоре наведеното правно лице, по повод изјавените жалби од негова страна, без правилно да ја утврдат фактичката состојба. Подносителот истакнува повел неколку судски спорови пред

надлежните судови во Република Северна Македонија, кои биле правосилно завршени така што управните спорови завршиле во корист на подносителот, а граѓанските спорови завршиле во корист на погоре наведеното правно лице. Од ДКСК побара да се преиспита неговиот случај. Во прилог на пријавата доставени се докази.

Подносителот достави ургенција до ДКСК заведена под архивски број 12-1725/2 од 24.07.2020 година, со која побара благовремено постапување по неговата пријава. Последователно, со известување доставено до ДКСК, заведено под архивски број 12-1725/3 од 02.11.2020 година, подносителот достави информација за неговата нова контакт адреса, при што побара одлуката на ДКСК по неговата пријава да биде доставена на контакт адресата како што е наведена во известувањето.

По разгледувањето на наводите во пријавата и извршениот увид во доставените докази, ДКСК констатира дека во конкретниот случај било постапено од страна на сите надлежни државни органи и судови, затоа што биле донесени одлуки од нивна законска надлежност. Оттаму, ДКСК утврди дека во овој конкретен случај постапиле други надлежни органи, по што оцени дека наводите на подносителот во пријавата не се однесуваат на сомневање за можна злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба од службено лице заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг и ДКСК нема законска надлежност за постапување во конкретниот случај, пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Подносителот на пријавата

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: Г. Т.